Уп. бр.08-148

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Метсо Финланд Оу (*Metso Finland Oy*), со регистрирано седиште на Раухаланпуисто 9, 02230 Еспоо, Финска, преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 27.11.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Метсо Финланд Оу (*Metso Finland Oy*), со регистрирано седиште на Раухаланпуисто 9, 02230 Еспоо, Финска се стекнува со единствената контрола над Свисс Товер Миллс Минералс АГ (*Swiss Tower Mills Minerals AG*), со регистрирано седиште на Хаселштрасе 1, 5400 Баден, Швајцарија, преку стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 05.11.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Метсо Финланд Оу (*Metso Finland Oy*), со регистрирано седиште на Раухаланпуисто 9, 02230 Еспоо, Финска, со која Метсо Финланд Оу Финска се стекнува со единствената контрола над Свисс Товер Миллс Минералс АГ Швајцарија, преку стекнување на 85% од акциите на целното друштво, во

кое стекнувачот веќе поседува 15% од акционерскиот капитал на целното друштво. По спроведувањето на трансакцијата, стекнувачот ќе поседува 100% од акциите во целното друштво.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

Метсо Финланд Оу е машинска компанија од Финска која нуди производи и услуги од агрегатната индустрија, индустријата за обработка на минерали и индустријата за рафинирање на метали. Метсо Финланд Оу е дел од Метсо Групацијата која вклучува повеќе од 100 компании кои дејствуваат во осум пазарни области низ приближно 50 земји.

Во Северна Македонија, стекнувачот има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво – Друштво за трговија и услуги МЕТСО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Њуделхиска бр. 6-2/4, Скопје – Карпош и регистрирана приоритетна дејност – трговија на големо со машини за рударство и градежништво.

ххх[1]

Свисс Товер Миллс Минералс АГ е инженерска компанија од Швајцарија која е специјализирана во развој на дробилки и помошни системи за фино, ултрафино и грубо дробење и претставува холдинг-компанија на поврзаните друштва на Свисс Товер Миллс Минералс АГ кои се предмет на индиректно стекнување од страна на Метсо Финланд Оу согласно предложената трансакција.

Во Северна Македонија, целното друштво нема корпоративно присуство, не презело активности, ниту пак остварило приход во годината што и претходи на трансакцијата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за

---

[1] Податоците се деловна тајна

последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**